# СЦЕНАРИО
## Промоција на книгата „ТРСТЕНИК НИЗ СОНЕТНИ ВЕНЦИ“ од Делчо Здравков
## 19.10.2018 година

**/музичка точка Горанчо Ангелов - кавал/**

**/Матеја чита извадок од поезијата/**

**МАТЕЈА:** Почитуван Градоначалник на Општина Свети Николе г-дин Сашо Велковски, почитувани претставници на општествено политичкиот живот,почитувани присутни, дами и господа љубители на пишаниот збор ДОБРОВЕЧЕР и добродојдовте на уште една од низата на културни програми во рамки на СВЕТИНИКОЛСКИ ЕСЕНСКИ КУЛТУРЕН БРАН..

**МАТЕЈА:** На самиот почеток имавме можност да уживаме во музичка точка на кавал во изведба на Горанчо Ангелов-Професор магистар на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип. Да го поздравиме со еден аплауз.Веднаш потоа слушнавме стихови од нашиот вечерашен гостин а воедно и домаќин нашиот сограѓанин Делчо Здравков.Да го поздравиме и него со аплауз.

**МАТЕЈА:** Делчо Здравков, сопруг и татко на два сина, е роден 1956 година во село Трстеник –Светиниколско.Потекнува од сиромашно земјоделско семејство.Основното образование го завршува од прво до четврто одделение во с.Сопот додека од петто до осмо одделение во с.Горобинци.Средно образование завршува во Хемиското технолошко техничко училиште во Велес.Потоа се запишува на Технолошки факултет во Скопје но поради слабата материјална положба го прекинува школувањето.Во 1980 година се вработува во Текстилната фабрика „Снитекс“ во Свети Николе на работно место сменоводител на доработка.Со воведување на стечајна постапка во горенаведената фабрика е отпуштен од работа и од тогаш до денес е невработен.

**МАТЕЈА:** Но , тешкиот животен пат не претставува пречка за авторот Делчо Здравков кој повеќе од четириисет години твори. Има издадено повеќе стихозбирки меѓу кои ќе ги споменеме: „Зборот на поетот“; „Црни мугри“; „Шаренило“; „Патот кон слободата“;„Стогодишнина(1903-2003)“ како и својот прв прозен труд монографијата „Ѓуриште“.Негови творби се објавувани и во во алманаси издадени од Домот на културта „Крсте Мисирков“ од нашиот град.Да го поздравиме уште еднаш со еден голем аплауз.

**МАТЕЈА:** Во продолжение почитувани присутни ќе слушнеме уште една музичка изведба од нашиот вечерашен гостин Горанчо Ангелов во придружба на младиот Александар Ангелов ученик во Средното музичко училиште во Штип.Повелете.

**/музичка точка Горанчо Ангелов и Александар Ангелов /**

**МАТЕЈА:** Им благодариме на Горанчо Ангелов и Александар Ангелов за нивниот прекрасен настап.

**/Матеја чита извадок од поезијата/**

**МАТЕЈА:** Почитувани присутни имавте можност да слушнете стихови кои се дел од најновата стихозбирка на нашиот вечерашен гостин насловена како „ТРСТЕНИК НИЗ СОНЕТНИ ВЕНЦИ" која е и една од причините зошто сме вечерва овде.Во продолжение го поканувам г-дин Љубомир Бочваров кој вечерва е во улога на промотор да ни каже нешто повеќе околу делото „Трстеник низ сонетни венци".Повелете..

**/збор има Љубомир Бочваров/**

**МАТЕЈА:** Му благодариме на г-дин Бочваров.а сега како што е ред го покануваме и авторот, нашиот соградѓанин г-дин Делчо Здравков да ги поздрави присутните.Повелете..

**/збор има Делчо Здравков/**

**МАТЕЈА:**Му благодариме на г-динот Здравков и му посакуваме и понатаму успешно да твори и да ни ја збогатува нашата роднокрајна збирка

**МАТЕЈА:**Почитувани, пред да Ви се заблагодариме за присутвото Ве поканувам уште еднаш да уживаме во уште една музичка изведба на нашите гости.Повелете..

**/музичка точка Горанчо Ангелов и Александар Ангелов/**

**МАТЕЈА:**Им благодариме на Професор магистер Горанчо Ангелов и неговиот наследник Александар Ангелов со чиј спој на две генерации ни ја збогатија вечерашната програма а, Вам почитувани Ви благодариме за присутвото и Ви посакувам пријатна вечер.